РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„Павел Шатев“

Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на седница одржана на 29.1.2021 година, врз основа на член 13 став 1 алинеја 3 и член 20 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за распишување на јавен оглас за избор на заменик директор**
**на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев”**

Кандидатите за заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да има најмалку осум години работен стаж како судија во судовите во Република Македонија, во Уставниот суд на Република Македонија, во меѓународен суд или лице со најмалку осум години работен стаж како јавен обвинител,
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,
- во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.

Рокот за пријавување на јавниот оглас изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на одлуката за распишување на јавниот оглас за избор на заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во „Службен весник на Република Македонија“.

Одлуката за распишување на јавниот оглас за избор на заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, покрај во „Службен весник на Република Македонија“ се објавува и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ и на интернет страницата на Академијата.

Кандидатите кон пријавата да ги приложат следните документи:

- Потврда за работен стаж,
- Меѓународно признат сертификат за познавање на странски јазик,
- Уверение за неосудуваност, и
- Уверение за неизречена прекршочна санкција.

Пријавите се поднесуваат во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на Бул. „Јане Сандански“ бр. 12, 1000 Скопје, од 8:30 до 16:30 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Д-р Лазар Нанев**